Како да се подобрат вештините за комуникација со јавноста? Како ефикасно да се презентираат постигнатите резултати? Дали правилно ги употребуваме социјалните медиуми? Што е потребно за да се подобри имиџот на граѓанските организации? Може ли тоа да ја зајакне довербата меѓу нив и целните групи? Ова беа дел од прашањата за кои разговараа 20 учесници на тридневната обука за „ Односи со јавноста “ што се спроведе од 10 до 12 јули во Скопје.



„Новите знаења и вештини ќе ми помогнат да ја подобрам видливоста на организацијата, но и начинот на организирање на информациите на веб страната и на профилот на Фејсбук (Facebook), да ја подобрам комуникацијата со класичните медиуми и, се разбира, да ги пренесам знаењата на другите членови од организацијата“, рече еден од учесниците.

Од реакциите и оценките на учесниците, може да се види дека новите вештини и знаења ќе имаат голема примена во идната работа. Дел од учесниците велат дека ќе имаат поорганизиран пристап и ќе подготват стратегија за комуникации, а дел ќе се испробаат во подготовка на соопштенија за јавност, текстови за Фејсбук, за веб страните. Покрај тоа, дел од нив изјавиле дека ќе ги употребуваат новите платформи кои им биле посочени за време на обуката.



Учесниците веќе на самата обука имаа можност да ги вежбаат своите нови вештни. Преку практичните задачи тие ја применија теоријата и имаа можност да добијат повратна информација за сработеното.

Обуката ја организираа Ресурсниот центар на ТАКСО воден од Македонски центар за меѓународна соработка и Македонската канцеларија на проектот ТАКСО. Обучувачи беа Гонце Јаковлеска и Борис Ристовски од МЦМС.